# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 4/2022 26.04.2022 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.8 одржана на ден 21.04.2022 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за определување на сопствено учество за реализација на проект „Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во населба Камењар,, бр. 26-502/3,
2. Одлука за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности бр. 26-502/4,
3. Заклучок за усвојување на извештај за реализирани активности од страна на ОСБСП за 2020 година бр. 26-502/5,
4. Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмата за малолетничко престапништво на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-502/6,
5. Заклучок за усвојување на извештај за реализација на Програмат за еднакви можности на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-502/7,
6. Заклучок за неусвојување на извештај за спроведување на Програма за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-502/8,
7. Заклучок за неусвојување на извештај за реализација на Програма за енергетска ефикасност за 2021 година бр. 26-502/9,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-502/11
26.04.2022 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.04.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за определување на сопствено учество во реализација на проектот „Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во населба Камењар“**

Член 1

Со оваа Одлука се определува сопствено учество на општина Пробиштип во реализација на проектот „ Реконструкција на повеќенаменско спортско игралиште во населба Камењар “

Член 2

Сопственото учество на општина Пробиштип ќе изнесува минимум 10% од вкупната вредност на проектот кои средства ќе се обезбедат од буџетот на општина Пробиштип, односно 510.482 денари.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-502/3
21.04.2022 година
ПРОБИШТИП

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседавач,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 14, став 1 од Уредбата за методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности („Службен весник на РМ“ бр. 13/2011), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности**

Член 1

Со Одлуката се отпочнува постапка за редовно ажурирање на Процената за загрозеност на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности.

Ажурирањето на Процената за загрозеност на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности ќе се врши во координација со надлежниот Регионален центар за управување со кризи.

Оваа Одлука да се достави до Подрачното одделение Регионален центар за управување со кризи Пробиштип.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе со објави во „Службен Гласник на општина Пробиштип“.

Број 26-502/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.04.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/20019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализирани активности на Општински совет за безбеност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип за 2021 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализирани активности на Општински совет за безбеност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип за 2021 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализирани активности на Општински совет за безбеност на сообраќајот на патиштата на Општина Пробиштип за 2021 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-502/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.04.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/20019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програма за малолетничко престапништво на Општина Пробиштип за 2021 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за реализација на Програма за малолетничко престапништво на Општина Пробиштип за 2021 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на Програма за малолетничко престапништво на Општина Пробиштип за 2021 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-502/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.04.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/20019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата на Комисија за еднакви можности на Општина Пробиштип за 2021 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за реализација на програмата на Комисија за еднакви можности на Општина Пробиштип за 2021 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на програмата на Комисија за еднакви можности на Општина Пробиштип за 2021 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-502/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.04.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Извештајот за спроведување на Програмата за управување со отпад на Општина Пробиштип за 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-502/8
21.04.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ,
Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Пробиштип за 2022 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-502/9
21.04.2022 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ,
Борче Миланов с.р.

---